**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14 и 112/14), во членот 165 став (2) зборовите: "30 дена " се заменуваат со зборовите: „120 дена".

Член 2

Во членот 235-а став (1) зборовите: „237, 237-а, 237-б, 237-в, 237-г и 237-д" се заменуваат со зборовите: „236-и, 236-ј, 236-к, 237, 237-а, 237-б, 237-в, 237-г и 237-д".

Член 3

Насловот пред членот 235-в се менува и гласи: „Спогодување".

Во членот 235-в став (1) по зборот „закон" се додаваат зборовите: „за кои е надлежна Агенцијата".

Во ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (13) и (14) зборот „посредување" се заменува со зборот „спогодување".

Член 4

Во членот 236 став (1) во воведната реченица зборовите: „10.000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото за осигурување ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во друштвото за осигурување".

Во ставот (3) зборовите: „ќе се" се заменуваат со зборовите: „може да се", а зборовите: „од една до три години" се заменуваат со зборовите: „до една година.".

Член 5

Во членот 236-а став (1) во воведната решеница зборовите: „7.000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за осигурителното брокерско друштво ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во осигурителното брокерско друштво."

Во ставот (3) зборовите: „ќе се" се заменуваат со зборовите: „може да се", а зборовите: „од една до три години" се заменуваат со зборовите: „до една година.".

Член 6

Во членот 236-б став (1) во воведната реченица зборовите: „5.000 до" се бришат.

Во точката 1) зборовите: "134-е ставови (3), (4) и (5)" се заменуваат со зборовите: "134-е ставови (3), (4), (5), (6) и (7)".

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото за застапување во осигурување ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во друштвото за застапување во осигурување."

Во ставот (3) зборовите: „ќе се" се заменуваат со зборовите: „може да се", а зборовите: „од една до три години" се заменуваат со зборовите: „до една година.".

Член 7

Во членот 236-д став (1) во воведната реченица зборовите: „10.000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице".

Во ставот (3) зборовите: „од три до пет" се заменуваат со зборовите: „до три".

Во ставот (4) зборовите: „ќе се" се заменуваат со зборовите: „може да се", а зборовите: „од една до три години" се заменуваат со зборовите: „до една година."

Член 8

Во членот 236-ѓ зборовите: „10.000 до" се бришат.

Член 9

Во членот 236-е став (2) зборовите: „ќе се" се заменуваат со зборовите: „може да се", а зборовите: „должност на физичкото лице во времетраење од една до три години" се заменуваат со зборовите: „дејност на физичкото лице во времетраење до една година."

Член 10

Во членот 236-ж став (2) зборовите: „ќе се" се заменуваат со зборовите: „може да се", а зборовите: „од една до три години" се заменуваат со зборовите: „до една година."

Член 11

Членот 236-з се менува и гласи:

"За прекршоците од членовите 236, 236-а, 236-б, 236-в, 236-г, 236-д, 236-ѓ, 236-е, 236-ж и 236-к прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд."

Член 12

Во членот 236-ѕ зборовите: „до 25.000 евра во денарска противвредност" се заменуваат со зборовите: „до двократен износ од висината на глобата утврдена во членовите 236, 236-а, 236-б, 236-в, 236-г, 236-д, 236-ѓ, 236-е, 236-ж и 236-з од овој закон".

Член 13

Во членот 236-и зборовите: „4.000 до" се бришат.

Член 14

Во членот 237 став (1) во точката 1) зборовите: „став (5)" се брише.

По точката 1) се додаваат две нови точки 2) и 3), кои гласат:

„2)не ги почитува одредбите кои се однесуваат на надзорен одбор согласно со членот 28 од овој закон;

3) постапува спротивно на одредбите од членот 31 од овој закон."

Точките 2), 3) и 4) стануваат точки 4), 5) и 6).

По точката 5) која станува точка 7) се додаваат две нови точки 8) и 9) кои гласат:

„8) вложува спротивно на одредбите од членот 73 од овој закон;

9) не ги почитува прописите за управување со ризик донесени од Агенцијата согласно со членот 74 од овој закон."

Точките 6), 7), 8) и 9) стануваат точки 10), 11), 12) и 13).

По точката 10) која станува точка 14) се додаваат пет нови точки 15), 16), 17), 18) и 19) кои гласат:

„15) не донесе програма за реосигурување согласно со членот 100 од овој закон;

16) го соосигура износот на ризик спротивно на одредбите од членот 101 од овој закон;

17) не се придржува до статистичките осигурителни стандарди донесени од страна на Агенцијата согласно со членот 102 од овој закон;

18) не врши пресметка на коефициентите на ликвидност и не управува со средствата согласно со одредбите од членот 103 од овој закон;

19) изврши распределба на добивката спротивно на членот 105 од овој закон."

Точките 11), 12), 13) и 14) стануваат точки 20), 21), 22) и 23).

По точката 15) која станува точка 24) се додава нова точка 25), која гласи:

„25) не постапува согласно со членот 225-в од овој закон."

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото за осигурување ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во друштвото за осигурување.

Во ставот (3) зборовите: „ќе се" се заменуваат со зборовите: „може да се".

Член 15

Во членот 237-а став (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото за осигурување ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во друштвото за осигурување."

Во ставот (3) зборовите: „ќе се" се заменуваат со зборовите: „може да се".

Член 16

Во членот 237-б став (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за осигурително брокерско друштво ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во осигурително брокерско друштво."

Член 17

Во членот 237-в став (1) зборовите: "членот 154 став (1) точка 4 од" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за осигурително брокерско друштво, односно на друштво за застапување во осигурувањето ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во осигурително брокерско друштво, односно на друштво за застапување во осигурувањето."

Во ставот (3) зборовите: „ќе се" се заменуваат со зборовите: „може да се".

Член 18

Во членот 237-г став (1) во воведната реченица зборовите: „5.000 евра" се заменуваат со зборовите: „4.000 евра".

По точката 2) се додава нова точка 3), која гласи:

„3) не ја извести Агенцијата согласно со членот 103 став (4) од овој закон."

Точките 3) и 4) стануваат точки 4) и 5).

Член 19

Во членот 237-д став (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото за ревизија ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото за ревизија."

Член 20

По членот 237-д се додава нов член 237-ѓ, кој гласи:

„Член 237-ѓ

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците."

Член 21

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIM DHE PLOTËSIM TË LIGJIT PËR SUPERVIZION TË SIGURIMIT**

Neni 1

Në Ligjin për supervizion të sigurimit ( " Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14 dhe 112/14), në nenin 165 në paragrafin (2) fjalët "30 ditë" zëvendësohen me fjalët "120 ditë".

Neni 2

Në nenin 235-a në paragrafin (1) fjalët „237, 237-a, 237-b, 237-v, 237-g и 237-d" zëvendësohen me fjalët „236-i, 236-j, 236-k, 237, 237-a, 237-b, 237-v, 237-g dhe 237-d ".

Neni 3

Titulli para nenit 235-v ndryshohet dhe vijon "Marrëveshje".

Në nenin 235-v në paragrafin (1) pas fjalës " ligj" shtohen fjalët " për të cilat është kompetente Agjencia".

Në paragrafët (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (13) dhe (14) fjala " ndërmjetësim" zëvendësohen me fjalët " marrëveshje".

Neni 4

Në nenin 236 paragrafi (1) në fjalinë hyrëse fjalët "10 .000 deri " shlyhen.

Paragrafi (2) ndryshohet dhe vijon:

"Gjobë në shumë prej 30% nga gjoba e matur për shoqërinë për sigurim do t'i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi (1) të këtij neni për personit përgjegjës në shoqërinë për sigurim".

Në paragrafin (3) fjalët " do të" zëvendësohen me fjalët " mund të", kurse fjalët " nga një deri në tre vite" zëvendësohen me fjalët " deri në një vit".

Neni 5

Në nenin 236-a paragrafi (1) në fjalinë hyrëse fjalët "7 .000 deri " shlyhen.

Paragrafi (2) ndryshohet dhe vijon:

"Gjobë në shumë prej 30% nga gjoba e matur për shoqërinë siguruese brokere do t'i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi (1) të këtij neni për personit përgjegjës në shoqërinë brokere siguruese."